

**Александар III Македонски (Велики)**

**Роден во Пела, 21 VII 356 г. пр.н.е.**

**Умира во Бабилон, 11 VI 323 пр.н.е.**

Александар III Македонски (Велики) е македонски цар од династијата на Аргеади, син на Филип II и на Олимпија, ќерка на молоскиот владетел Неоптолем, кој владеел од 336 до 323 пр.н.е.

Александар бил воспитуван и образован во духот на македонската аристократска традиција, во малото место Миеза, блиску до Бероја. Негов учител бил славниот филозофот Аристотел. На македонскиот престол доаѓа по убиството на неговиот татко Филип II, во 336 г. пр.н.е.

Откако ги зацврстил своите позиции на македонскиот трон и ги принудил соседите на покорност ја започнал својата источна кампања. На својот пат кон земјите на изгревот на сонцето, ја покорил моќната Персиска Империја и ги проширил границите на Македонија дури до Авганистан и Индија.

Александар Македонски во историјата ќе остане запаметен како најголем светски војсководец и непобеден воин, творец на новиот свет, на новиот поредок. Римјаните кои ќе тргнат по стапките на Македонците, ќе го наречат „Alexander Magnus“.

Александар III Македонски се родил на 21 јули 356 година пр.н.е. во Пела. Детството го минал на дворот во Пела. До тринаесетата година, за него се грижел Леонид, роднина на Олимпија. Во 343 година бил испратен во малото место Миеза, каде се школувала младата македонска аристократија. Во селото кое било одалечено околу 40 километри југозападно од Пела и во кое се наоѓал гимназиум каде го вежбале своето тело и ум младите Македонци, работел тогаш 40 годишниот филозов Аристотел. Во Миеза, Александар останал три години, а за тоа време се стекнал со познавање од: поезија, астрономија, геометрија, реторика и др. Покрај својот ум, Александар го вежбал и своето тело натпреварувајќи се во гимнастички вежби, јавање и лов.

Времето поминато со учителот Аристотел, ќе има големо влијание во психофизичкиот развој на Александар. Аристотел ќе ја потикне неговата љубов кон природните науки, историјата и уметноста, а како иден владател и првосвештеник ќе го подготви за општественото уредување на државата, односот кон поданиците и верата, животот и смрта. Покрај учењата на Аристотел, врз развојот на Александар огромно влијание имале неговата мајка Олимпија, татко му Филип и војсководецот Антипатер. Олимпија која била посветена на мистериите на Кабирите на островот Самотрака, кај Александар ќе го развие чуството и фантазијата на мистицизмот, додека Филип и Антипатар ќе го припремат на воените вештини.

Воспитуван во духот на славните јунаци Херакле и Ахил, за кои сметал дека се негови претци, тој никогаш не се одвојувал од Илијадата. Во текот на источната кампања, Илијадата ќе му биде вечна инспирација, мотив да ги издржи и најголемите животни премрежиа. Стекнатите спознанија во младоста во Миеза и желбата да се спознаат и разоткриат тогашните светски мистерии, а поткинати од јуначките дела на неговите претци, подоцна ќе предизвикаат воениот поход на исток повеќе да личи на научна експедиција отколку вистинско освојување на светот.

Школувањето траело до 340 година, кога Александар на 16-годишна возраст бил поставен за регент на Пела. Филип му го доверил управувањето на Македонија, додека тој бил во поход против Византион. Следејќи ги духовно битките и победите на Филип, со помош на Антипатар Александар во Пела ги изучувал воените вештини и се припремал за војните кои го очекувале.

Првиот воен поход му бил против племето Мајди, кое живеело во горниот тек на реката Стримон. Во знак на својата прва победа, тој го основал градот Александрополис. Со воена слава се стекнува на 18 години, кога учествува во битката кај Херонеа и заедно со својот татко, во 338 година ги победуваат здружените сили на Хелените.



[illegible]